АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2009 ГОДИНА

Скопје, јуни 2010

СОДРЖИНА:

1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА 3

2. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 4

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ 6

4. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2009 ГОДИНА 7

1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА

Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Законските надлежности на АСО се однесуваат на:

- Спроведување на супервизија над друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и застапници, правните лица кои се поврзани со друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- Донесување подзаконски акти;
- Одлучување за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања; како и
- Изрекување мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои АСО спроведува супервизија.

Во рамки на своите овластувања и надлежности, како и преку членство во меѓународни асоцијации од областа на осигурувањето и соработка со други надзорни органи, АСО има за цел да придонесе за зајакнување и поттикнување на развојот на осигурителниот пазар во земјава, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и другите корисници на осигурувањето.

Улогата на АСО на пазарот на осигурувањето е насочена кон зајакнување на солвентната позиција на друштвата за осигурување, подобрување на начинот на финансиското известување на овие субјекти, со што ќе влијае врз подобрување на финансиската контрола и поголемата финансиска стабилност на земјата.

АСО за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Собранието го усвојува финансискиот план на АСО, како и годишната сметка која мора да биде ревидирана од страна на независен овластен ревизор.

Орган на управување на АСО е Советот на експерти, составен од претседател на Советот и 4 члена. Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на АСО ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 25 август 2009 година донесе

одлука за именување на претседателот и членовите на Советот на експерти на АСО, каде што се именуваат:

- д-р Климе Попоски, претседател,
- Зоран Стојановски, член,
- Лулзим Имери, член,
- Илија Граорковски, член, и
- д-р Силвана Мојсовска, член.

АСО има статус на правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија и започна со работа на 1 ноември 2009 година. Со основањето на АСО престанаа надлежностите на Министерството за финансии за спроведување на супервизија на осигурување.

Првата, конститутивна седница на Советот на експерти на АСО беше одржана на 27 август 2009 година, а во текот на 2009 година се одржаа вкупно 16 седници на Советот на експерти.

2. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Согласно Законот за супервизија на осигурување, орган на управување на АСО е Советот на експерти, составен од пет члена од кои еден е претседател. Претседателот на Советот на експерти раководи со АСО и ја застапува во односите со трети лица.

Советот на експерти на Агенцијата донесува подзаконски акти согласно овој закон и други закони; одлучува за издавање или одземање дозволи, давање или повлекување согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања; изрекува мерки спрема друштвата за осигурување, осигурително брок ерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и другите правни и физички лица врз кои АСО спроведува супервизија; презема други мерки за спроведување на Законот за супервизија на осигурување и другите прописи кои се во нејзина надлежност; донесува Статут на АСО; донесува финансиски извештаи и финансиски план на АСО; донесува Тарифник; донесува извештаи за состојбата на пазарот на осигурување и годишни извештаи за работењето на АСО; донесува годишни планови за работа на АСО и врши други работи утврдени со закон и статут.

Советот на експерти донесе Правилник за систематизација на работни места во АСО и Правлник за организација и работа на АСО, со кои е утврдена следната организациска шема на АСО:

ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Секторот за регулатива и лиценцирање ги врши работите коишто се однесуваат на: следење на домашната и на меѓународната регулатива во областа на осигурувањето и подготовка на иницијативи за изменување и дополнување на законска регулатива во областа на осигурувањето во Република Македонија; подготвување на подзаконски акти од областа на осигурувањето, подготвување акти (одлуки, решенија, дозволи, лиценци, согласности и сл.) со кои се одобруваат/одбиваат барања на физички и правни лица за извршување на работи во областа на осигурувањето; изготвување извештаи и анализи за својот делокруг на работа и извршување други работи кои се определени од страна на Советот на експерти и претседателот на Советот на експерти.

Секторот за супервизија ги врши работите коишто се однесуваат на вршење теренска и вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување во рамките на некоја или сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување или осигурување на живот, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурително брок ерските друштва, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето, актуарите и Националното биро за осигурување. Секторот предлага мерки на супервизија согласно Законот и подзаконските акти; го контролира работењето на актуарите; изготвува записници, извештаи и анализи за спроведените теренски и вонтеренски супервизии; изготвува актуарски анализи и мислења врз основа на спроведена супервизија; врши анализи на пазарот на осигурување во функција на негов развој и извршува други работи кои се определени од страна на Советот на експерти и претседателот на Советот на експерти.

Секторот за општи и административни работи ги врши работите коишто се однесуваат на: изготвување општи акти за статусот на АСО и статусот на вработените во АСО; потребата од обезбедување средства за работа и нивна дистрибуција; водење на финансиско-сметководствените работи на АСО и воспоставување и одржување на информатички систем во АСО.

Самостојното одделение за внатрешна ревизија ги врши работите коишто се однесуваат на: планирање, организирање и спроведување на ревизии согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики на работата на АСО; изготвување програма за секоја одделна ревизија; составување соодветна документацијата и изготвување информации од извршените ревизии, кои ги доставува до Советот на експерти; иницирање измени на општата регулатива за работа на АСО и извршување други работи од областа на ревизијата, а кои се во надлежност на одделението и АСО.

Самостојното одделение за работи непосредно поврзани со Советот на експерти и претседателот на Советот на експерти врши работи коишто се непосредно поврзани со работењето на Советот на експерти и претседателот на Советот на експерти; протоколарни работи; изготвување на соопштенија и информации за нивните активности; меѓународна соработка со надлежни супервизорски институции во земјава и странство; организирање на средби и комуникација со средствата за јавно информирање; остварување на комуникација со други органи и организации; разгледување и предлагање на мерки по иницијативи; подготвувањето на седниците на Советот на експерти; следење на извршувањето на актите донесени од страна на Советот на експерти и претседателот на Советот на експерти.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Во 2009 година потребните средства за извршување на својата функција АСО ги обезбеди од буџетот на Република Македонија. Тоа беше регулирано со Одлука на Владата на РМ за одобрување на средства за привремено финансирање на работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување (бр.19-5550/1 од 3.11.2009 година), а врз основа на доделените средства, АСО донесе финансиски план за 2009 година.

Со усвојувањето на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата (Службен весник на РМ бр. 147/09, 149/09 и 154/09), кој стапи на сила од 1.1.2010 година, работењето на АСО се финансира со надоместоци што ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои АСО спроведува супервизија.

Советот на експерти на седницата одржана на 29 декември 2009 година го донесе финансискиот план на АСО за 2010 година и истиот го достави до Собранието на Република Македонија заради усвојување.

4. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Советот на експерти на АСО одржа вкупно 16 седници, од кои на повеќето се решаваа прашањата од доменот на воспоставувањето на фукционирањето на АСО, а меѓу поважните, усвоени се следниве акти:

- Статут на АСО,
- Правилник за систематизација на работни места во АСО,
- Правилник за организација и работа на АСО,
- Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на работниците во АСО,
- Тарифник за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува АСО и роковите за уплата,
- Финаниски план за 2009 година,
- План за јавни набавки во 2010 година и
- Финансиски план за 2010 година.

АСО ја спроведува супервизијата на друштвата за осигурување и останатите субјекти на супервизијата (осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурување и Националното биро за осигурување) во согласност со Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и останатите релевантни прописи. Со Законот за супервизија на осигурување АСО, исто така, има надлежност да спроведува супервизија на субјектите кои вршат работи на осигурување, осигурителни брокерски работи и/или работи на застапување во осигурување без да имаат соодветно овластување од АСО (незаконско вршење на работи на осигурување, осигурително брокерски работи и работи на застапување во осигурување).

Во доменот на лиценцирањето, АСО во 2009 година одобри:

- 106 лиценци на застапници во осигурување;
- 9 лиценци за осигурителни брокери;
- 1 дозвола за работа на осигурително брокерско друштво;
- 2 согласности на друштва за ревизија за вршење ревизија на годишна сметка кај друштва за осигурување и
- 1 согласност за измена на статут кај друштво за неживотно осигурување.

Во првите два месеца од своето работење, АСО ги разгледа и ги дефинираше краткорочните приоритети, како што се:

- Преземање на вработените од Министерството за финансии ангажирани во делот на супервизијата на осигурувањето и формирање план за кадровско екпирање на АСО,
- Донесување подзаконска регулатива од областа на осигурувањето со која подетално ќе се регулираат одредени специфични прашања од работењето на друштвата за осигурување и супервизија врз нивното работење,
- Воспоставување и јакнење на соработката на АСО со други домашни и меѓународни регулаторни тела во областа на осигурувањето преку потпишување меморандуми за соработка, размена на информации и пренос на знаења и искуства од веќе воспоставени системи на супервизија,
- Зајакнување на капацитетите на супервизијата преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените во Агенцијата за ефикасно спроведување супервизија,
- Унапредување на процесот на супервизија преку донесување и имплементација на процедури, методи и постапки за спроведување на континунирана теренска и вонтеренска супервизија, како и воведување и имплементација на софтвер кој ќе овозможи ефикасно следење на работењето на субјектите на осигурителниот пазар,
- Воведување на моделот на супервизија базирана на управување со ризици во друштвата за осигурување и
- Спроведување нов циклус на едукација и испити за осигурителни застапници и брокери, и активности за организирање обука и испити за овластени актуари.

АСО воспоставува интензивна соработка со домашните регулаторни органи и други надлежни институции, како и со супервизорски тела и институции од странство. Во изминатиов период АСО започна соработката со регулаторни тела од земјите на странските инвеститори (Хрватска, Словенија, Австрија, Албанија и Бугарија) во осигурителниот сектор во Р. Македонија и во постапка е потпишувањето на меморандуми за разбирање. Исто така, во овој период АСО ја започна постапката за зачленување во Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС).

Во 2009 година, АСО го наследи од Министерството за финансии проектот РЕПАРИС, под покровителство на Светската банка, со поднаслов ,,Програма за реформа на сметководството и институционално зајакнување на капацитетите, во рамки на кој беа подготвени седум предлог подзаконски акти од областа на сметководството и известувањето:

- Контен план за друштвата за осигурување;
- Правилник за формата и содржината на финансиските извештаи на друштвата за осигурување;
- Правилник за деталната содржина на годишните извештаи на друштвата за осигурување и анексите кон тие извештаи;
- Правилник за методите на вреднување на ставките на билансите и изготвување на финансиките извештаи на друштвата за осигурување;
- Правилник за формата и содржината на извештајот на ревизорот;
- Правилник за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар во врска со членот 116 став 1 од Законот за супервизија на осигурување и
- Правилник за пресметка на техничките резерви.

Проектот заврши со организирање на дводневна работилница од страна на АСО и консултантската куќа „Ернст и Јанг". Целта на оваа работилница беше создавање поволна атмосфера за дискусија на предложените подзаконски акти во присуство на претставниците од осигурителната индустрија и експертите кои работеа на оваа проектна активност.

Со нивното донесување и имплементирање значително ќе се придонесе да се унапреди работењето на друштвата за осигурување и да се зголеми нивната транспарентност.

Во текот на 2009 година АСО подготви два ToR-а[1] со цел да стартува со два проекта во рамки на одобрената техничка помош од претпристапните европските фондови (ИПА фондови), и тоа за релизација на Рамковен договор (Framework contract LOT 10: Trade, Standards and Private sector - EuropeAid/127054/C/SER/multi). Целта на активноститие од овие проекти е да се развијат институционалните капацитети на АСО преку правни совети и дефинирање на менаџмент-структури, со цел прифаќање на регулаторните процедури во линија со надобрите практики и знаење во ЕУ. Едниот проект има за цел да ја зајакне регулативата во областа на осигурувањето, пришто се планира да бидат донесени подзаконски акти и процедури кои значително ќе придонесат кон подобрување на процесот на лиценцирање, додека, пак, со реализација на вториот проект ќе се придонесе кон понатамошно зајакнување на капацитетите на АСО при спроведување на процесот на контрола и надзор.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Претседател на Советот на експерти,

д-р Климе Попоски

Број 0103-1023/4

Скопје

23.06.2010 година

[1] ToR –Terms of reference = делокруг и услови за работа.